Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Сл. Весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/201, 11/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 144/25) и Предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас 757/2025 со бр.04-1762/14 од 12.12.2025 година, Директорот на Агенција за вработување на Република Северна Македонија постапувајќи по службена должност донесе:

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA E PUNËSIMIT TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 04-1794/03
17-12-2025
Скопје-Shkup

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат за вработување на административен службеник по Јавен оглас бр.757/2025

1. За извршител на работно место Раководител на Одделение за услуги за вработување, Сектор за активни мерки и услуги за вработување, Одделение за услуги за вработување, Централна служба, со шифра на работно место АВР0102Б04003, се избира кандидатот

   - Павлина Костовска Грујоска, со идентификациски код 6846409

2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Образложение

По барање на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за објавување на јавен оглас за вработување на еден (1) административен службеник, на работно место Раководител на Одделение за услуги за вработување, Сектор за активни мерки и услуги за вработување, Одделение за услуги за вработување, Централна служба, со шифра на работно место АВР0102Б04003, на ден 12.07.2025 година Агенцијата за администрација објави јавен оглас бр.757/2025 во дневните весници „Вечер" „Слободен печат", и „Коха", како и на интернет страната на Агенцијата за администрација. Со Решение бр.10-1762/5 од 24.07.2025 година формирана е Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас бр.757/2025 која ја спроведе постапката за вработување.

Комисијата за селекција на ден 01.08.2025 година спроведе административна селекција за административен службеник за што е изготвен Записник бр.10-1762/6 од 01.08.2025 година, на ден 04.12.2025 година се спроведе Испит за административен службеник за што е изготвен Записник бр.10-1762/12 од 04.12.2025 година и на ден 11.12.2025 година спроведе Проверка на веродостојност на докази и интервју за што е изготвен Записник бр.10-1762/13 од 10.12.2025 година.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција, од страна на Агенција за администрација до Агенција за вработување на Република Северна Македонија беше доставен Предлог за вработување на кандидати по јавен оглас 757/2025 со бр.04-1762/14 од 12.12.2025 година со конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција, заради донесување на Одлука за избор.

Согласно член 45 од Законот за административни службеници („Сл. Весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/201, 11/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 144/25) а врз основа на Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог на кандидат за вработување по Јавен оглас бр.757/2025 со бр.04-1762/14 од 12.12.2025 година, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против Одлука за избор незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Директор
Selatin Beluli

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА — AGJENCIA E PUNËSIMIT E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT — Скопје — Shkup

Доставено до:
- Именуваниот;
- Сектор за УРЧР;
- Агенција за администрација и
- Архива;